**Соопштение**

**UDC 929 Обрембски Ј. (062)**

# МЕЃУНАРОДНИОТ НАУЧЕН СОБИР „105 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ЈОЗЕФ ОБРЕМБСКИ“

Меѓународниот научен собир „105 години од раѓањето на Јозеф Обрембски“ („105. rocznicy urodzin Józefa Obrębskiego“) се одржа во Самоков од 15 до 17 септември 2010 година, а во организација на Институтот за старословенска култура од Прилеп, Република Македонија во соработка со Институтот за словенска филологија на Универзитетот „Адам Мицкијевич“ (Instytut filologii słowiańskiej, Uniwersytet „Adama Mickiewicza“) од Познањ, Република Полска.

На свеченото отворање на симпозиумот поздравни говори одржаа: проф. д-р Ели Луческа, директор на Институт за старословенска култура; проф. д-р Танас Вражиновски (претседател на Организацискиот одбор); проф. д-р Јоана Рекас (копретседател на Организацискиот одбор), Милосим Војнески (градоначалник на Македонски Брод), проф. д-р Мирјана Мирчевска (раководител на Институтот за етнологија и антропологија) и проф. д-р Лех Мруз.

Симпозиумот беше организиран по повод 30-годишнината од основањето на Институтот за старословенска култура во Прилеп и по повод 105-годишнината од раѓањето на полскиот етносоциолог Јозеф Обрембски, којшто со својата научноистражувачка работа придонел за афирмација на полската, но и на македонската култура и традиција.

Со свои реферати настапија околу триесет учесници од Македонија, од Полска, а беа прочитани и рефератите на истражувачи од Босна и Херцеговина и од Србија. Интердисциплинарниот концепт на Симпозиумот овозможи запознавање со разновидни истражувања од областа на славистиката и плодни дискусии на прашања околу истражувањето на културното наследство од времето на Јозеф Обрембски, за аспекти од културно-историскиот развиток, за традицијата и за фолклорот на Порече, сè до нашата современост, за идентитетот како феномен, но и осврт врз методолошките пристапи, теории и пракси.

Во рамките на овој научен собир беше организирана етно-изложба, презентација на фотографии од Јозеф Обрембски снимени во времето на неговиот престој во Порече, како и промоција на последното издание на списанието на Институтот за старословенска култура − „Balcanoslavica“ (бр. 34−36, Прилеп, 2009).

Меѓународниот научен собир „105 години од раѓањето на Јозеф Обрембски“ донесе значајни научни согледувања и постави нови прашања поврзани со проблеми од областа на: историјата, традицијата, јазикот, книжевноста, уметноста и воопшто на духовната и на материјалната култура, главно, на Македонија и на Полска. Размената на мислења даде добра основа за идна соработка. Се очекува да биде објавен Зборникот трудови од Симпозиумот во издание на Институтот за старословенска култура од Прилеп.

**Билјана Ристовска-Јосифовска**